РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БЕРОВО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ПРОЦЕСОТ НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА

во ЈПКР ”Услуга**” Берово**

1.1. ***Предмет и цел на ревизијата***

Предмет на ревизијата е - Процесот на пресметка и наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота од Јавното претпријатие за комунални работи ‘’Услуга’’ Берово, за период од 01.01.2019 год. до 30.09.2019 год.

Цел на ревизијата е утврдување на целосноста, навременоста , точноста и регуларноста во процесот на пресметка и наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота, како и утврдување дали наплатениот надоместок по тој основ , се редовно и целосно префрла на Општина Берово, бидејќи согласно член 25 од Законот за јавна чистота , (Сл. весник на РМ бр.130/2010г) сретствата собрани од надоместокот за одржување на јавна чистота во јавните претпријатија се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

Значи , за одржување на јавната чистота во општините се задолжени комуналните претпријатија и на истите им се плаќа надоместок. Висината на надоместокот го утврдува советот на општината, во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата-обемот за одржувањето на јавните површини на подрачјето на општината. Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад, кој се прикажува одвоено на сметката. Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

1.2. ***Вовед и општи информации***

Во општина Берово, Јавното претпријатие за комунални работи ‘’Услуга’’ Берово е единствено претпријатие задолжено за одржување на јавната чистота на јавните површини и за собирање на сметот од физичките и правни субјекти. За поблиско уредување на односите за одржување на јавна чистота, Советот на општината донесува одлука со која се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини , собирањето на сметот, отстранувањето на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота како и преземените мерки за целосно спроведување на одлуката.

Сеуште е на сила Одлуката бр. 07-280/1, донесена на седница на советот на општината , за определување на сретствата за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово. Со истата одлука се утврдува висината на надоместокот за јавна чистота и истиот е утврден во износ од 30,00 денари месечно. Наплатата на надоместокот за јавна чистота се врши преку доставување на сметки за комунални услуги, дистрибуирани од страна на ЈПКР ‘’Услуга’’ Берово и надоместокот за јавна чистота се искажува **одвоено на сметката**. Надоместокот го плаќаат сите правни и физички лица со седиште во градот Берово.

Сретствата собрани од надоместокот за одржување на јавна чистота ќе бидат приход на Буџетот на општина Берово, подставка 718140 надоместок за одржување на јавна

чистота, расходна програма Ј4- јавна чистота, одржување на други зелени површини. Сретствата собрани по овој основ ЈПКР ‘’Услуга’’ Берово треба да ги уплати на Општина Берово, а општината пак, ќе ги трансверира до ЈПКР ‘’Услуга’’ Берово, на име на извршени услуги, согласно Програмата за одржување на јавна чистота.

1.3. ***Заклучок***

Во изминатиот период со проверка на документацијата во ЈПКР-‘’Услуга’’ – Берово, и документацијата во Општината , се констатира следната состојба. Во 2014 година, поради тешката финансиска состојба во јавното комунално претпријатие, Советот на Општина Берово, донесува Заклучок за давање согласност на Одлуката број 02-560/1 донесена од Управниот одбор на ЈПКР-‘’ Услуга’’ –Берово, за отпишување на сретствата собрани од надоместокот за јавна чистота. Со тоа износот од 1.888.702,00 денари, ЈПКР-‘’Услуга’’ ги отпишува и на 31.08.2014год. Јавното претпријатие нема никаква обрска кон Општина Берово, на име на надомест за јавна чистота.

Од 01.09.2014 година, Јавното претпријатие продолжува со засметување на надомест за јавна чистота по 30 денари од физичките и правните субјекти од градот Берово, и со последната ревизија извршена од внатрешниот ревизор во општината, со состојба од 31.12.2018година , јавното претпријатие повторно должи на Општина Берово вкупен износ оа 2.079.010 денари. Значи вкупно пресметани сретсва на име на надоместок за јавна чистота со состојба на 31.12.2018 година е износот од 2.079.010,00 денари. Вкупно пресметани сретства од 1.1.2019г.до 30.9.2019г изнесува 533.280,00 денари. За истиот период (1.1.2019г. до 30.9.2019г.) до Општина Берово од јавното претпријатие се префрлени вкупно 660.000,00 ден. така да состојбата на 30.09.2019год. на сретства кои **Јавното претпријатие треба да ги префрли на Општината на име на надоместок за јавна чистота изнесува 1.952.290,00ден.**

1.4. ***Пресметан надоместок за јавна чистота од 01.01.2019. до 30.09.2019г.***

За периопдот од 01.01.2019година до 30.09.2019 година, се пресметани следните износи:

Месечен преглед на пресметаниот надоместок за јавна чистота

од 01.01.2019. до 30.09.2019год.

Реден Број	Месец	Износ
	Почетна состојба	2.079.010,00

1.	Јануари 2019 физички лица правни лица	53.880,00
2.	Јануари правни лица	5.240,00
3.	Февруари физички лица	53.910,00
4.	Февруари правни лица	5.240,00
5.	Март физички лица	53.880,00
6.	Март правни лица	5.240,00
7.	Април физички лица	54.030,00
8.	Април правни лица	5.310,00
9.	Мај физички лица	54.030,00
10.	Мај правни лица	5.310,00
11.	Јуни физички лица	54.030,00
12.	Јуни правни лица	5.280,00
13.	Јули физички лица	54.030,00
14.	Јули правни лица	5.280,00
15.	Август физички лица	53.970,00
16.	Август правни лица	5.310,00
17.	Септември физички лица	54.000,00
18.	Септември правни лица	5.310,00
	Пресметани сретства од 1.1.2019г.до 30.9.2019г	533.280,00
	Вкупно сретства(почетна состојба + пресметани сретсва до 30.9.2019г)	2.612.290,00
	Преведени сретства од 01.01.2019 г. до 30.09.2019г.	-660.000,00
	Вкупно сретства за префрлање до општината	**1.952.290,00**

Значи, со увид во документацијата во јавното претпријатие за комунални работи, како и во сметковотствената документација во Општина Берово, ревизорот констатира дека состојбата на сметката за префрлање на сретства на Општина Берово од страна на ЈПКР''Услуга'' на 31.12.2018 година , изнесува е износот од 2.079.010,00денари.За периодот од 01.01.2019 год. до 30.09.2019 год. ЈПКР''Услуга '' има вкупно пресметани сретства во износ од 533.280,00 ден. За истиот период (01.01.2019г до 30.09.2019 гоид.). ЈПКР''Услуга '' има префрлено сретства до Буџетот на општина Берово износ од 660.000,00денари, така да состојбата на сметката за јавна чистота , односно сретства што ЈПКР''Услуга '' ги има како обврска да ги префрли до општината изнесува износот од 1.952.290,00 денари.

Период	Пресметани	Преведени
Состојба на 31.12.2018год.	2.079.010,00	0
Префрлени сретства од. 1.1.2019г. до 30.9.2019г.		660.000,00
Пресметани сретсва од 1.1.2019г. до 30.9.2019г.	533.280,00	
Вкупно пресметани и вкупно префрлени сретства	2.612.290,00	- 660.000,00
Вкупно сретства што ЈПКР''Услуга '' треба да ги префрли на општината со состојба на 30.09.2019год.		1.952.290,00

Состојбата на сметката за јавна чистота на 30.09.2019год. изнесува 2.952.290,00денари, сретства што ЈПКР ''Услуга'' Берово треба да ги префрли на сметката на Општина Берово.

Берово

28.10.2019год.

И з г о т в и л

Внатрешен ревизор

Марина Предарска